РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1160/4
09-09-2025 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 22-та седница одржана на ден 27.08.2025 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот оформен по пријава со број 12-1160/1 од 26.03.2025 година, во која се изнесени наводи за сомневање за незаконитости во врска со работењето на директорот и претходниот директор на ОУ „------------------------------“ во -----------------, **СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК утврди дека согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за натамошно постапување, поради тоа што не се потврдуваат наводите од пријавата.

Предметот со број 12-1160/1 од 26.03.2025 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### О б р а з л о ж е н и е

Државната комисија за спречување на корупцијата постапува по предмет со број 12-1160/1 од 26.03.2025 година, оформен по анонимна пријава во која се изнесени наводи за сомневање за незаконитости во врска со работењето на директорот и претходниот директор на ОУ „----------------------------“ во -------------------, со тоа што овозможиле во рамки на училиштето да се изврши адаптација на објект – сендвичара, во близина на едниот влез на спортската сала на училиштето.

Во насока на утврдување на фактичката состојба по предметот, Државната комисија побара од директорот на ОУ „----------------------------“ во ----------------, да достави информација со прилог документација во врска со работењето на предметниот објект-сендвичарата.
На ден 23.05.2025 година, ОУ „---------------------“ во ---------------, достави допис број 12-1160/3 со кој информира дека во предметното училиште, нема објект сендвичара.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Имајќи го предвид горенаведеното, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување во предметниот случај, поради тоа што не се потврдуваат наводите од пријавата и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Заменик претседател

М-р Цвета Ристовска

Изготвил: м-р Ф.Ј.,советник
Контролирал: Ј.Ц.,раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор